# Водич за воспоставување на твининг партнерства (збратимувања)

Црвен крст на Република Северна Македонија

МАЈ, 2023

# Содржина


**ВОВЕД** ... 2

**ШТО Е ТВИНИНГ ИЛИ ЗБРАТИМУВАЊЕ?** ... 2

**ИСТОРИЈАТ** ... 2

**ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ** ... 3

**ТВИНИНГ ИНСТРУМЕНТ НА ЕУ** ... 3

**МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА** ... 4

**ЗОШТО ТВИНИНГ? КОИ СЕ ПРИДОБИВКИТЕ?** ... 5

**ФОРМИ НА ТВИНИНГ ИЛИ ЗБРАТИМУВАЊЕ** ... 6

**ПРИНЦИПИ НА ЕДНО УСПЕШНО ТВИНИНГ ПАРТНЕРСТВО** ... 7

**ЧЕКОРИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ТВИНИНГ ПАРТНЕРСТВО** ... 8

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕПОРАКИ** ... 17

**ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ - БИЛАТЕРАЛНИ СОРАБОТКИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** ... 17

**ТВИНИНГ ПРОГРАМАТА МЕЃУ ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ЦРВЕН КРСТ НА ТЕЛЕМАРК** ... 19

**ТВИНИНГ ПРОГРАМИ ЗА МЛАДИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ** ... 21

**ЗАКЛУЧОК** ... **Error! Bookmark not defined.**

# ВОВЕД

Овој документ ги претставува концептите и основите на твининг програмите или збратимувањата како инструмент за соработка и јакнење на капацитети како и водич за успешни партнерства. Овој Водич има двојна намена - може да служи при воспоставување на меѓуопштинска (соработка помеѓу две или повеќе општински организации на Црвен крст во државата) или меѓународна соработка (соработка помеѓу Општинска организација/Национално друштво на Црвен крст на РСМ со Општинска организација/Национално друштво на Црвен крст на друга држава.

Меѓународната соработка на локалните заедници ширум светот се развила од едноставно збратимување на градови до посложени мрежи на односи и повеќе различни врски. Но, збратимувањето или *твинингот* сè уште останува едно од основните средства за воспоставување и одржување на односите меѓу локалните заедници, градовите, општините или организаците преку меѓународните граници.

Овој Водич во најголем дел ги обработува концептите на твинингот, неговите придобивки и клучните фактори за успешно твининг партнерство. Сите насоки дадени во Водичот се само предлог и можат да се искористат за воспоставување на соработки и на национално и на меѓународно ниво. Се надеваме дека овој Водич ќе биде една корисна алатка која вашата организација може да ја користи во планирањето на твининг проекти или програми и да ги направите првите чекори кон унапредување на нивото на соработки или да го зголемите квалитетот на истите.

# ШТО Е ТВИНИНГ ИЛИ ЗБРАТИМУВАЊЕ?

Концептот на твининг или збратимување не е нов - напротив, тој постои долго време, иако терминологијата е релативно нова. Во својата најширока смисла, твининг или збратимување е меѓукултурен, реципрочен процес и претставува партнерство кое поврзува два ентитета со заеднички карактеристики за да се постигне заедничка цел.

Збратимувањето може да се опише како формална, суштинска и партнерска активност помеѓу две организации – истомисленици во други земји или региони, кое има за цел да ги развие нивните програми и преку кое се обезбедува платформа за размена на знаења и зајакнување на капацитетите.

Збратимувањето помага една организација да биде помалку изолирана а повеќе свртена кон надвор; да се урнат бариерите, да се научат и разберат нови култури. Овие партнерски односи стануваат особено важни кога организацијата има конкретна потреба и може да се обрати до партнерската организација за помош, или кога постои можност организациите да работат заедно за да решат одредено прашање.

# ИСТОРИЈАТ

Историски збратимувањето може да се следи наназад до збратимувањето на градови (или општинско збратимување) кое било охрабрено од Европската заедница по Втората светска војна. Збратимувањето било дефинирано како „формална и суштинска соработка помеѓу две организации и/или градови“. Тоа служело како начин за подобрување на меѓународните односи и помирување преку негување пријателство и зголемување на разбирањето помеѓу различните култури и поранешните непријатели. Збратимувањето на градовите се покажало како успешно и набрзо било

проследено со збратимување на различни организации во различни средини од различни земји. На почетокот, овие активности се одвивале заедно со збратимувањето на градовите, но набрзо почнале да функционираат независно до тој степен што сега имаме збратимување што се одвива низ целиот свет во многу различни форми и контексти.
Збратимувањето стана иновативно средство за градење и зајакнување на институционалните капацитети во изминатите неколку децении. Европската заедница има лансирано бројни твининг проекти од 1998 година наваму за да го олесни процесот на пристапување на земјите кои сакаат да се приклучат на Европската унија.

## ЗБРАТИМЕНИ ГРАДОВИ

Збратимување на градовите е концепт според кој градови во географски и политички различни области се спаруваат со цел да поттикнат човечки контакт, културни врски и размена на знаење. Збратимените градови често имаат слични демографски и други карактеристики. Во Европа овие парови на градови се познати како збратимени градови, пријтателски градови или партнерски градови.
Овој концепт кој се покажал како доста успешен и корисен и ден денес продолжува да се развива. Тој им овозможува на градовите или општините меѓусебно да се концентрираат на заеднички прашања, како што се на пример економскиот развој или подобрувањето на социјалните услуги.

Збратимувањето на градовите е широк и флексибилен концепт кој во суштина ги опфаќа сите видови односи што можат да се воспостават меѓу два или повеќе градови. Таквите односи може да останат само во форма на комуникација и размена на информации или може да се прошират на понапредни форми на соработка и партнерство.

Една од најфундаменталните карактеристики на збратимувањето на градови што го разликува од другите форми на комуникација и соработка е неговата долгорочна перспектива. Затоа, за разлика од другите форми на краткорочна и среднорочна соработка, збратимувањето на градовите е потребно да има цели на високо ниво дефинирани на посеопфатен начин. Понатаму, императив е овие цели да бидат усвоени и интернализирани од граѓаните кои живеат во збратимените градови или населени места. Од оваа перспектива, збратимувањето на градовите е демократски и партиципативен пристап кој ги приближува различните заедници до збратимувањето на градовите, основата на заедничките вредности и принципи, го олеснува изнаоѓањето заеднички решенија за заедничките проблеми, овозможува поефективно и поефикасно искористување на ресурсите со доблест на споделување искуства, а со тоа го зголемува нивото на задоволство на граѓаните, го подига животниот стандард и придонесува за социо-економскиот развој.

## ТВИНИНГ ИНСТРУМЕНТ НА ЕУ

### -Твинингот како инструмент за градење на институции и јакнење на институционалните капацитети-

Твининг (Twinning) инструментот беше промовиран 1998 година од страна на Европска Комисија во рамки на подготовките за проширувањето на ЕУ. Беше замислен како инструмент за таргетирана административна соработка наменета како помош на државите-кандидатки за членство во Унијата,

во јакнење на нивните административни и судски капацитети за имплементација на легислативата на Европската заедница како идни членки на ЕУ.

Од 1998 година, десетици илјадници твининг проекти се имплементирани во земјите-кандидати за членство, а финансирани преку PHARE, IPA или други финансиски инструменти за пред-пристапна помош. Твинингот продолжува да игра витална улога во контекст на институционална надградба во новите земји-членки под т.н. механизам за транзиција а исто така останува и клучен инструмент за институционална надградба во сегашните земји-кандидати.

Во земјите од Западен Балкан, твинингот започна да се користи во летото 2002 година за одредени програми за институционална надградба, особено во областа на правда и внатрешни работи. Сега твинингот е достапен без оглед на специфичноста на секторот во контекстот на ИПА.

Твинингот е клучен инструмент на Европската комисија за институционална надградба односно за помош и поддршка на државите кандидати и аспиранти за членство, во развивањето на структури, стратегии, човечки ресурси и менаџерски вештини потребни за јакнење на нивните политички, економски, социјални и административни капацитети. Негова крајна цел и намена се преку трансфер на знаење и искуства од администрациите и јавните институции на државите-членки да им се помогне на овие држави да ги воспостават и зајакнат институциите кои треба да го инкорпорираат и имплементираат европското право (acquis communautaire).

Најпрво, твининг проектите се креираат имајќи ги предвид заеднички усогласените цели на ЕУ политиките, како што се подготовките за ЕУ проширување, понатамошно зајакнување на административните капацитети и/или зајакната соработка во согласност со ЕУ политиките, како што е предвидено во регулативите за ИПА.

Денес, твинингот или збратимувањето на градовите се смета за толку важен концепт што Европската унија издвојува околу 12 милиони евра годишно за негово промовирање. Тој често води до културни и економски соработки и размени, како и чести студентски размени. Улогата на твининг проектите е зајакнување на дијалогот и пријателството меѓу народите во Европа и за подигање на свеста за другите култури.

## МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Слично како твининг партнерствата помеѓу држави или организации, на национално ниво во Република Северна Македонија постои и меѓуопштинска соработка.
Паралелно со процесот на децентрализација во Република Македонија, се актуелизираше и потребата од поттикнување на меѓуопштинската соработка. Ако крајната цел на децентрализацијата е поефикасни и поекономични услуги за граѓаните – меѓуопштинската соработка е еден од начините за постигнување на таа цел. Единиците на локалната самоуправа (општините) имаат надлежности во сите витални сфери кои што имаат директно влијание на квалитетот на живеење на граѓаните во локалните заедници.
Заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите општините можат да воспостават и меѓуопштинска соработка. Потребата за воспоставување на меѓуопштинска соработка е во најтесна врска со потребата од поефикасно спроведување на надлежностите на општините, поекономична испорака на локалните услуги, зајакнување на капацитетите на општинската администрација за

спроведување на обврските од процесот на децентрализацијата, подготовка на стратешки и плански документи, обезбедување на ажурирани податоци за разните категории на субјекти на територијата на вклучените општини, имплементирање на позитивни искуства од други општини и др.

Со **Законот за меѓуопштинска соработка** се уредија начинот, условите и постапката за воспоставување на меѓуопштинска соработка и облиците преку кои се остварува, финансирањето, евиденцијата и надзорот над меѓуопштинската соработка и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка.

**Придобивки од меѓуопштинката соработка**

На економските придобивки често пати се гледа како на основниот елемент на меѓуопштинската соработка. Ако не постојат економски придобивки, општините би требало да ја преиспитаат соработката и ако тоа е потребно, да ги користат ресурсите на поинаков начин.

Друг аспект на економијата на обем е што таа носи повисоко ниво на искуство за организацијата, колку повеќе пати организацијата обезбедува одредена услуга, или решава одредена задача, толку стекнува повеќе знаење и побрзо и подобро може да ја обезбеди услугата. Да се искористи вишокот на капацитети е уште еден начин за остварување на економски придобивки.

Поделба на трудот и специјализација е исто така начин потполно да се искористат капацитетите на општините. Зголемениот број на задачи бара координиран и кохерентен пристап помеѓу соседните општини, како и помеѓу општините, окрузите, државата, меѓународните организации и приватниот сектор.

Меѓуопштинската соработка е начин за обезбедување производство на услуги со потребната кохерентност и ефикасност, без да се напуштат фундаменталните принципи на локалната самоуправа.

## ЗОШТО ТВИНИНГ? КОИ СЕ ПРИДОБИВКИТЕ?

- **Градење на капацитети** - Збратимувањето може да помогне во зајакнувањето на вклучените организации преку трансфер на вештини и знаења. Ова, пак, може да доведе до подобрена анализа на политиките и доставување услуги.
- **Идентификување на најдобри практики** - Збратимувањето дава можности да се идентификуваат идеите, политиките, техниките, пристапите и методите кои добро функционирале кај партнерската организација и кои можат да се споделат и да послужат како инспирација за нови иницијативи.
- **Зголемена ефективност на програмата** - Онаму каде што збратимувањето вклучува соработка на одредена иницијатива, тоа обично резултира со додадена вредност и поголем квалитет односно посилни и поефективни програми.
- **Развивање на нови пристапи** - Збратимувањето може да им помогне на организациите да развијат нови програми и да ги приспособат работните процеси врз основа на вештините, знаењата и искуствата што ги стекнуваат од нивниот партнер за збратимување.
- **Проширување на хоризонтите** - Збратимувањето може да и помогне на една организација да биде помалку изолирана а повеќе свртена кон надвор; да се урнат бариерите; да се разберат новите култури.

- **Зголемување на опсегот** - Збратимувањето обезбедува можности за организациите да соработуваат поблиску со заедниците и населението во нивниот сопствен контекст и да развијат програми и проекти кои се повеќе релевантни за локалната култура.
- **Градење на односи** - Збратимувањето и партнерствата можат да помогне во градењето посилни односи меѓу организациите кои работат во меѓусебно поврзани области. Овие односи се еден од најважните предуслови за трајни контакти и соработка и тие можат да се искористат кога едната организација има потреба и може да се обрати до партнерската организација за помош, или кога се појавуваат можности организациите да работат заедно за да се решат одредено прашање.
- **Вмрежување** - Збратимувањето може да придонесе за поголемо вмрежување со самото тоа што и двете организации вклучени во збратимувањето можат меѓусебно да ги користат своите мрежи. Вмрежувањето може да има широки и важни перспективи на пример во однос на инвестициите на странски компании, трансферот на технологија и вработувањето.
- **Солидарност** - Збратимувањето помага да се создаде чувство на припадност кон поголема заедница, светско семејство. Исто така, организациите вклучени во збратимувањето честопати се инспирирани од работата на нивните партнери. Ова, пак, може да помогне да се поттикнат луѓето да се борат за своите права и за соодветни услуги во нивните заедници.
- **Меѓународно искуство** - За многу организации, збратимувањето дава можност за работа со меѓународни партнери или за проширување на постоечката меѓународна работа/соработка.
- **Мобилност** – Збратимувањата се особено корисни кога организациите сакаат да создадат можности за мобилност на вработените или ангажираните лица (особено млади) односно размени на искуства преку посети.

## ФОРМИ НА ТВИНИНГ ИЛИ ЗБРАТИМУВАЊЕ

Твининг програмите даваат можност за учење и размена, споделување и развивање на експерти за и модели на најдобри практики. Активностите што ќе се преземат зависат од потребите и капацитетот на една организација. Твинингот или збратимувањето може да има многу различни форми. Активностите во рамките на еден твининг проект или програма генерално спаѓаат во неколку главни категории: размена на обуки, размена на информации, техничка размена и соработки за конкретни иницијативи. Твининг проектите или програмите често вклучуваат повеќе од една форма на збратимување.

- **Размени на обуки** - Вклучуваат едно или повеќе лица од една организација кои ја посетуваат партнерската организација на одреден временски период за да научат или да пренесат информации и вештини. Размената на обуки може да вклучи волонтери, обука на лице место или студиски патувања.
- **Размени на информации/искуства** - Слични на размените на обуки со тоа што вклучуваат луѓе од една организација кои ја посетуваат партнерската организација, но посетите се ограничени на размена на информации и не вклучуваат формална обука. Како и со размената на обуки, размената на информации може да биде еднонасочна или двонасочна и може да вклучува студиски патувања.
- **Технички размени** - Вклучуваат луѓе од една организација кои патуваат до партнерската организација за да помогнат во спроведувањето на одредена програма или активност. Посетителите можат привремено да пополнат позиции во организацијата-домаќин (слично на волонтерската работа).

- **Соработка на конкретни (ззеднички) иницијативи** - Ова вклучува две организации кои се согласиле да работат заедно за да воспостават одредена програма или да се осврнат на проблем што ги засега и двете страни.
- **Виртуелно вмрежување** - Еден ефективен и исплатлив начин за воспоставување на твининг или збратимување може да биде и преку „виртуелно вмрежување“ во форма на телеконференции или е-пошта, како поостварлив и попрактичен метод.

## ПРИНЦИПИ НА ЕДНО УСПЕШНО ТВИНИНГ ПАРТНЕРСТВО

### -КЛУЧЕВИ ЗА УСПЕХ –

- **Вин-вин ситуација -** За да биде едно партнерство успешно, мора да има додадена вредност за двете страни, односно да се креира *вин-вин* ситуација. Основниот елемент на успешно твининг партнерство е фокусирање на заедничката мисија и визија заедно со мобилизирање на внатрешни и надворешни ресурси.
- **Компатибилност** – Двете страни треба да имаат слични искуства, предизвици, интереси и слично ниво на организациска зрелост. Важно е да имаат разбирање и почитување на меѓусебните културни норми, вредности, ограничувања и очекувања.
- **Реалистични очекувања** - Важно е да се контролираат очекувањата. Активностите на проектот за збратимување или партнерство треба да бидат остварливи во рамките на расположливите ресурси и временски рамки.
- **Водени од потребите** – Секоја активност треба да биде пред се водена од потребите на секоја од страните, имајќи во предвид истовремено дека мора да има добра усогласеност меѓу потребите и расположивите капацитети.
- **Финансирање** - треба да биде достапно или потврдено на почетокот на процесот и треба да биде соодветно на планот и активностите.
- **Лидерство** - Партнерските проекти се успешни само кога конкретни и посветени поединци во секоја од организациите го преземаат водството.
- **Добро планирање –** Доброто планирање уште од самиот почеток е од суштинско значење.

- На самиот почеток треба да се одвои значително време за да се утврди што секоја организација може да научи од другата. Ова подразбира многу истражувања, добро претходно планирање и добра комуникација меѓу двете страни.

- Секоја од организациите треба да врши проценки на потребите и капацитетите , но и да се издвои доволно време за да се овозможи созревање на односите меѓу двете страни.

- Целите и задачите треба да бидат јасно наведени и да се развие работен (акциски) план. Ова е еден начин да се осигура дека двете страни се сериозни во однос на нивната улога и дека размислувале многу за нивните соодветни потреби и капацитети.

-Исто така, важно е и да се задржи јасен, насочен и прецизен фокус во планираните активности.

• **Мониторинг и евалуација -** Поставувањето цели за време на процесот на планирање ќе помогне да се осигураме дека твининг партнерството се заснова на резултати. Исто така, важно е да се утврдат показатели за успех, да се следи проектот континуирано и да се оценува проектот на крајот или во одбрани временски интервали.

• **Флексибилност** - Двете страни треба да бидат подготвени да направат корекции низ процесот. Се претпочита флексибилен, „чекор по чекор“ пристап кон планирање и имплементација отколку

фиксна стратегија. Ова е особено важно за организации кои го започнуваат својот прв проект или програма за збратимување или партнерство.

• **Добра комуникација** - Добриот проток на информации меѓу двете страни е клучен за успехот на проектот или програмата за збратимување или партнерство. Комуникациските предизвици може да се појават во фазата на планирање (на пр., соодветно комуницирање на потребите и капацитетите) и во фазата на имплементација (на пример, артикулирање на проблемите на конструктивен начин). Добро е уште на самиот почеток да се постави систем за комуникација со одговорни лица.

• **Културна чувствителност** - Важно е да се осигура дека сите активности, информирања или обуки кои се дел од проектот или програмата се приспособени на културната реалност на двете страни.

Се разбира овие не се единствените клучеви за успех, има уште фактори кои влијаат на истиот, како на пример: јасни цели, капацитети за менаџирање на партнерството, редовни размени, позитивен партнерски став, взаемна почит, посветеност и слично, а дел од нив ќе се најдат подолу во овој Водич во делот на **Дополнителни препораки.**

## ЧЕКОРИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ТВИНИНГ ПАРТНЕРСТВО

Доколку станува збор за меѓународна соработка, имајте на ум дека секоја иницијатива за меѓународна соработка, без разлика од каде потекнува, се доставува до Централната канцеларија, пропратено со мислење и предлог, по што Централната канцеларија истата ја обработува и предлага до Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ. Повеќе околу начините на остварување на меѓународна соработка на Црвениот крст на РСМ и Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, погледнете во **Упатството за остварување на меѓународна соработка на Црвен крст на Република Северна Македонија.**

Напоменуваме дека деталните чекори подолу можат да ви служат како водилка и истите се само предлог-чекори за воспоставување на еден структуиран пристап на соработка. Начинот на водење на процесот и имлементација на активностите зависат од двете страни во партнерството односно заеднички уредениот договор за соработка. Не постои фиксно дефиниран начин или чекори кои мора да се следат за да се спроведе едно успешно твининг партнерство.

Овој Водич ги претставува чекорите во случај на остварување на соработка односно програма за збратимување со организација на Црвениот крст од друга држава, но со некои измени секако можат да се применат и на национално или локално ниво.

### I - ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Фазата на истражување вклучува осмислување на идејата за збратимување, правење на потребните подготовки во рамките на вашата организација, идентификување на извори на финансирање, барање потенцијални партнери и начелен договор со партнер-организација. Овој дел ги прикажува чекорите за акција потребни за оваа фаза. Имајте предвид дека овие чекори нема секогаш да се случуваат по прецизниот хронолошки редослед наведен овде.

1. **ГЕНЕРИРАЈТЕ ИДЕЈА**

Идеално, процесот ќе започне со мала група во организацијата која ќе направи истражување и *brainstorming* (бура на идеи), ќе дојде до идеја, а потоа ќе разговара за идејата со персоналот, волонтерите, раководството.

2. **СПРОВЕДЕТЕ ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ И ПРОЦЕНКА НА КАПАЦИТЕТОТ НА ВАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Пред да го пронајдете и му пристапите на потенцијалниот партнер за збратимување, треба да спроведете проценки на потребите и капацитетот - т.е. да ги идентификувате потребите на вашата организација (областите каде што мислите дека би можеле да користите одредена обука или ви е потребна поддршка) и силните страни (вештини, ресурси и искуства на вашата организација кои можат да се споделат со други). Потребно е да идентификувате каде гледате слабости или која област од вашето работење сакате да ја развиете и во која временска рамка.

**Направете проценка преку барање на одговори на некои многу едноставни, но клучни прашања:**

- Каде сме слаби во однос на нашите сегашни активности? Каде ни недостасуваат знаења и вештини? Во кој дел би можеле да искористиме помош или размена на искуства?
- Дали има некои активности кои би сакале да ги започнеме, а се уште не сме започнале, бидејќи сè уште немаме знаење или вештини на потребното ниво. Кои знаења или вештини би можеле да ги искористиме?
- Каде се нашите силни страни? Каде се истакнуваме? Кои знаења и вештини би можеле да ги пренесеме на други организации?

По една ваква процека, добра идеја е да подготвите некои првични предлози бидејќи тие може да се користат како основа за дискусија со вашиот потенцијален твининг-партнер но погрижете се вашите предлози да бидат реални и остварливи.

3. **ПОСТАВЕТЕ ЦЕЛИ**

Информациите од проценките на потребите и капацитетот треба да и овозможат на вашата организација да воспостави јасни цели за твининг проектот. Овие цели ќе го изразат она што се надевате да го добиете и што можете да го дадете или споделите. Важно е да се воспостават цели рано во процесот, иако целите може да се менуваат додека влегувате во дискусии со потенцијалните партнери. Подоцна во процесот, ќе треба да дефинирате повеќе конкретни цели.

4. **ПОТВРДЕТЕ СИ ДЕКА ВАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА Е ПОДГОТВЕНА ДА СЕ ЗАЛОЖИ И ПОСВЕТИ НА ОСТВАРУВАЊЕ ВАКВА СОРАБОТКА**

Пред да продолжите понатаму, проверете дали вашата организација точно знае зошто сака да се вклучи во збратимување и дека има силна желба да се впушти во еден ваков тип на соработка. Исто така, треба да си потврдите дека вашата организација ги има способностите да се впушти во твининг проект или програма. Дали го има потребното време, простор и ресурси? Дали ја има вистинската организациска култура? Дали е има капацитети да дава и мониторира обуки и луѓе?

**Листата за проверка подолу го опфаќа она на што треба да се размисли пред да се започне со твининг програма и преку која ќе процените дали вашата организација е подготвена да воспостави ваков тип на соработка**:

| | |
|---|---|
| ☑ | Вашите цели – Која е главната причина за отпочнување со твининг и што се надевате дека ќе постигнете преку воспоставување на една ваква програма? |
| ☑ | Реципрочно учење - Што очекувате да стекнете/научите како резултат на една ваква програма? |
| ☑ | Која е временската рамка - кога очекувате да започне и да заврши активноста? |
| ☑ | Капацитет – Дали вашата организација го има потребниот капацитет и време да се посвети на предвидените активности? |
| ☑ | Финансирање – Дали за посакуваните активности се потребни финансиски средства и кој би бил изворот на финансирање? Внимателно изработете го буџетот за активностите согласно со планот за акција на програмата. |
| ☑ | Тим - Како ќе се доделат улогите и одговорностите? Кој сè ќе биде вклучен во програмата и кој ќе ја води истата? |
| ☑ | Мониторинг и евалуација - Како ќе се следат и оценуваат активностите? |
| ☑ | Анализа и промоција – Кои се научените лекции? Како ќе се дисеминираат наодите? |

## 5. ИДЕНТИФИКУВАЈТЕ ГИ ЛУЃЕТО КОИ ЌЕ БИДАТ ВКЛУЧЕНИ

Во овој момент, треба да одредите кое лице во вашата организација ќе го преземе водството на оваа програма односно лице-координатор. Добра идеја е да се идентификува и второ лице кое ќе му помогне на лидерот и да биде достапно за поддршка. Како што соработката ќе се развива понатаму, можеби ќе сакате да додадете повеќе луѓе во тимот за имплементација на активностите. Исто така, пожелно би било да назначите лице одговорно за комуникација.

Процесот на селекција е многу важен; осигурајте се дека ќе ги изберете вистинските луѓе за оваа задача. Ова вклучува идентификување кои вештини веќе ги има вашиот персонал а кои вештини би требало да ги развијат за да се осигура дека твининг партнерството ќе биде успешно и дека резултатите ќе бидат постигнати.

## 6. ИДЕНТИФИКУВАЈТЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Треба да имате прилично добра идеја уште во рана фаза за тоа дали финансирањето за збратимување е (или ќе биде) достапно во вашата организација или дали, ќе треба да му пристапите на надворешен извори или активностите ќе ги дефинирате во најголем дел според буџетот на партнерската организација (доколку на пример доаѓа од доста поразвиена земја).

## 7. ИДЕНТИФИКУВАЈТЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Доколку веќе имате остварено каква било соработка со друга Општинска организација во земјата или пак меѓународна соработка со Национално друштво/Општинска организација од друга земја тогаш можете директно да им пристапите и да отворите дијалог во однос на остварување на твининг програма. Доколку немате организација на ум за збратимување, направете истражување и обидете се да идентификувате организација така што ќе има добра рамнотежа во капацитетите на двете организации. **Земете ги во предвид некои од следните фактори кога одлучувате каде да барате:**

- КОМПАТИБИЛНОСТ – Ограничете го вашето пребарување на организации кои се со слична зрелост и кои имаат слични искуства, предизвици, интереси, пристапи, мисии и активности.
- ЈАЗИЧНА КОМПАТИБИЛНОСТ - Мора да бидете способни да комуницирате со вашиот партнер, затоа не заборавајте да ги земете предвид јазичните способности во вашата

организација. Некои луѓе во вашата организација може да зборуваат и други јазици од оној што го користите за секојдневна комуникација. Исто така, не брзајте да правите претпоставки за јазичните способности на потенцијалните партнери. Всушност, треба да ги потврдите јазичните вештини на сите учесници во проектот (во двете организации).

- КУЛТУРНА КОМПАТИБИЛНОСТ - Ќе треба да одлучите дали културната компатибилност е важна за вашата програма за збратимување и активностите во неа.
- ФИЗИЧКА ДИСТАНЦА - Доколку финансирањето е строго ограничено, ова може да биде важен фактор. Обрнете внимание и на меѓусебната оддалеченост бидејќи од тоа директно зависи колку буџет ќе биде потребен за посетите и размените и нивната честота.

**Други препораки за олеснување на процесот на барање партнер:**

- Проверете дали вашиот град или локална самоуправа е збратимен/а со друг/а град/општина и истражете за Црвен крст во тој град/општина – можеби таа организација ќе биде соодветен партнер.
- Ве охрабруваме да комуницирате со други организации кои веќе биле вклучени во твининг проекти или програми или слични соработки и би можеле да го споделат нивното искуство, да ви дадат совети и идеи.
- Вашиот избор на партнер ќе зависи и од видот на активноста за збратимување што треба да се преземе и времетраењето на проектот/програмата. Можеби ќе треба да им пристапите на неколку партнери за време на вашите прелиминарни дискусии.

**8. ВЛЕЗЕТЕ ВО ДИСКУСИИ СО ПОТЕНЦИЈАЛНИОТ ПАРТНЕР**

Во оваа фаза треба да започнете со истражување на можноста за збратимување со потенцијалниот партнер. Прво, треба да оцените дали другата страна е заинтересирана. Потоа, треба да размените информации за вашите поединечни потреби и капацитети за да процените дали збратимувањето би било соодветно. Важно е вашата организација да има добро разбирање за потенцијалната партнерска организација – прашањата на кои работат, стратегиите и техниките што ги користат, нивното ниво на развој итн.

**9. ИЗБЕРЕТЕ ЕДНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОСТИГНЕТЕ ДОГОВОР ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ**

Откако ќе бидете сигурни дека сте ја избрале организацијата со која сакате да соработувате, следно треба да постигнете начелен договор со таа организација за да продолжите со планирањето за твининг програмата.

**10. ИЗБЕРЕТЕ ГИ ФОРМИТЕ НА ЗБРАТИМУВАЊЕ**

Во консултација со вашиот нов партнер, ќе треба да ја изберете формата или формите на збратимување во кои ќе се вклучите. Која форма на збратимување има смисла за двете организации? Размена на обуки, размена на информации или техничка размена или нешто сосема друго? Ако изберете размена на обуки, дали треба да се вклучите во волонтирање/пракси, обука на лице место или студиски патувања? Одговорите на овие прашања ќе зависат првенствено од потребите и капацитетите на вашата организација и на вашата партнерска организација. Затоа, добрата самоанализа и добрата комуникација се суштински алатки кои ќе ви помогнат да одлучите. Ако веќе сте многу напредни во разговорите со потенцијалниот партнер, ова може да ви ја олесни одлуката. Конечно, имајте на ум дека програмата за збратимување може да вклучува повеќе од една форма на збратимување.

## II - ФАЗА НА ПЛАНИРАЊЕ

### 1. ПОДГОТВЕТЕ ГЕНЕРАЛЕН НАЦРТ НА ПРОЕКТОТ

Нацртот, кој ќе бие да биде подготвен заеднички од двете организации, треба да ги вклучува:

- предложените цели и задачи;
- краток опис на формата на збратимување и предложените активности;
- предложените временски рамки;
- проценка на трошоците;
- пробни планови за обезбедување на потребното финансирање; и
- листа на ресурси што секоја организација ги носи во партнерството за збратимување, вклучително и кои луѓе од секоја организација ќе бидат вклучени.

### 2. ПОСТИГНЕТЕ ДОГОВОР ЗА ГЕНЕРАЛНИОТ НАЦРТ

Двете организации треба официјално да го одобрат генералниот нацрт.

### 3. ПОДГОТВЕТЕ ДЕТАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН

Планот треба да вклучува:
-цели и задачи на проектот;
-улоги и одговорности на двете организации;
-акционен план кој ги прикажува активностите и временските рамки;
-детален буџет;
-стратегија за прибирање финансиски средства;
-список на луѓе од секоја организација кои ќе бидат вклучени;
-очекуваните резултати и показателите за успех;
-стратегија за следење и известување; и
-стратегија за евалуација.

Планот треба точно да наведе каква ќе биде улогата на секоја организација во твининг проектот, вклучително и во области како што се надзор, обезбедување на простор, подготовка на документација и извештаи и комуникации.

Акцискиот план треба да биде значително подетален од прегледот што го направивте во Чекор 1.

### 4. ПОСТИГНЕТЕ ДОГОВОР ЗА ДЕТАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН

Двете организации треба да го одобрат деталниот акциски план. Можеби ќе сакате да подготвите формален договор (меморндум) за потпишување на двете организации.

Размислете за вклучување на клаузула која дозволува секој партнер да се повлече од аранжманот доколку неговите околности се променат.

Можеби вашата партнер-организација веќе има поголемо искуство во вакви соработки и ќе може да помогн, на пример можеби има веќе спремни теркови за овие документи.

### 5. ИСПЛАНИРАЈТЕ ГО БУЏЕТИРАЊЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ

Со изработка на акцискиот план како и временската рамка за следната година, се изработува и буџетот за активностите. Уште пред да се избере партнер-организација треба да се внимава на меѓусебната оддалеченост и конекциите кои постојат меѓу двата градови бидејќи тоа директно влијае на намалување на трошоците. Во зависност од буџетот со кој располагаат двте страни, трошоците ќе се уредат во Меморандумот за соработка, каде на пример може да се наведе дека

едната страна (онаа која е финансиски помоќна) повеќе да доаѓа во посети а другата страна почесто да биде домаќин. Тоа е само еден пример како може да се уреди буџетирањето, иако постојат и други опции и останува на двете страни и меѓусебниот договор кој ќе го направат.
Доколку се одлучите на пристапување со аплицирање за финансии од некои други страни или фондови, можете да го искористите нацрт-планот или акцискиот план како основа за вашиот предлог-проект/програма.

## III - ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ТВИНИНГ ПРОГРАМАТА ИЛИ ПРОЕКТОТ

### 1. РАБОТЕЊЕ СО ВАШИОТ ТВИНИНГ ПАРТНЕР

Ако работите со организација од друга култура, погрижете се луѓето во вашата организација да имаат одредено разбирање за таа култура на самиот почеток.
Можеби ќе наидете на пример на перцепции за родовите улоги во вашата партнерска организација кои се разликуваат од вашите сопствени перцепции - особено бидејќи овие улоги влијаат на однесувањето во јавност, облекувањето или начините на справување со авторитети.

### 2. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

За да знаете дали вашата програма е на вистинскиот пат ќе треба да тековно го следите планот. **Мониторингот** е континуиран процес на собирање и анализа на информации за спроведувањето на еден проект или програма и тој ќе покаже дали активностите се спроведени според вашиот план.
Мониторингот вклучува:
-разгледување на акцискиот план за да се потврди дека планираните активности се спроведуваат и дека нема сериозни одложувања;
-прегледување на буџетот за да се потврди дека програмата останува во рамките на буџетот;
-потврдување дека е постигнат напредок кон остварување на целите на програмата; и
-идентификување дали се појавиле некакви проблеми при спроведувањето на програмата.
Ако има некакви потешкотии - ако проектот заостанува согласно временските рамки, ако трошоците се превисоки, ако не е постигнат напредок во постигнувањето на целите или ако се појавиле какви било проблеми при спроведувањето - тогаш треба да се преземат корективни мерки, на пример правење некои промени во акцискиот план.

**Известувањето** е дел од процесот на мониторинг. Извештаите за напредокот треба да се подготвуваат во редовни интервали за време на твининг програмата. Извештаите треба да содржат информации за истите четири елементи идентификувани погоре: статусот на акцискиот план, статусот на буџетот, напредок кон остварување на целите на програмата, и проблемите кои се појавиле при реализацијата на програмата.
Извештаите за напредокот, исто така, треба да ги опишат корективните мерки што се преземени за да се решат какви било тешкотии. Овие извештаит може да се користат и за дисеминирање на постигнатите резултати на партнерските организации и други организации.
Откако ќе се заврши програмата, треба да се подготви конечен извештај. Треба да содржи дел за научените лекции и препораки за идни твининг програми или проекти. Погрижете се да го споделите конечниот извештај со други организации. Ако вашата програма вклучува волонтери, добра идеја е да побарате од нив да подготват извештаи каде меѓу другото можат да опишат и до кој степен можеле да го применат знаењето научено за време на нивните посети и размени.

### 3. ПОДГОТОВКИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА-ДОМАЌИН

Ако сте домаќини на луѓе од вашата партнерска организација, еве неколку предлози за тоа како да се подготвите за нивната посета:

-Организирајте го сместувањето и (можеби и) оброците,

-Пред посетата, испратете им на посетителите информации за карактеристиките на вашата земја - на пример, клима, температура и влажност, барања за виза, каков тип на облека би бил соодветен, валута и вредност; приближни трошоци за живот, дали ќе бидат пречекани по пристигнувањето и слично.

-Организирајте брифинг сесија на почетокот на посетата за да ги запознаете вашите посетители со вашата организација и да ги запознаете со ситуацијата во вашата земја

-Размислете да организирате некои слободни активности за вашите посетители, особено ако тие се од различна култура.

### 4. ПОДГОТОВКИ ЗА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

Ако некој од вашата организација ќе патува во вашата партнерска организација, еве неколку предлози како да се подготвите за посетата:

-Пред да заминете, подгответе се и читајте во врска со културните прашања, така што ќе бидете запознаени за соодветните однесувања во таа земја.

-Прочитајте за ситуацијата во таа земја поврзана со темите кои ги обработувате во активностите од акцискиот план,

-Информирајте се за организацијата што ќе ја посетувате (на пр., како е структурирана, нејзината програма, нејзиниот последен годишен извештај, итн).

## IV - ФАЗА НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Евалуацијата е критична компонента на секој твининг проект или програма. Треба да знаете што функционирало, а што не функционирало. Евалуациите спроведени во текот на твининг-програмата може да резултираат со измени на работниот план на истата. Оценките спроведени на крајот на твининг-програмата може да влијаат на планирањето на идните програми.

**Што е евалуација?**

Евалуацијата е средство за оценување на процесот и резултатите од активноста, го споредува она што сте очекувале да се случи со она што навистина се случило и испитува како работите биле направени. Евалуацијата треба да биде дел од планирањето на вашата програма уште од самиот почеток. Постојат два вида евалуација: процес и исход. Оценувањето на процесот мери како ги правите работите. Оценувањето на исходот го мери вашиот напредок и колку добро сте ги постигнале вашите цели. Организациите вклучени во твининг програма треба да направат и евалуација на процесот и на исходот.

**Зошто да оценувате?**

Евалуацијата или оценувањето колку добро функционира твининг процесот и што постигнува твининг програмата (исходот) е од суштинско значење за партнерските организации да останат посветени. Луѓето и организациите вклучени во збратимувањето имаат потреба од докази дека нивните напори имаат влијание. Евалуациите, исто така, обезбедуваат информации за тоа како да се направи твининг програмата поефективна и порелевантна за потребите на партнерските организации и корисниците што ги опслужуваат.

При секоја евалуација мора да се одговори на одредени основни прашања како:
-Зошто воопшто ја презедовме оваа насока или активност?
-Што се случи како резултат на оваа активност?
-Дали активноста го постигна она што се очекуваше?
- Дали исходот од активноста беше вреден за трошење на напор и ресурси?
-Дали има подобри начини за постигнување на посакуваниот резултат? Ако направивме грешки или наидовме на проблеми, како да ги избегнеме следниот пат?
-Како планираме да ги искористиме наодите од евалуацијата за континуирано учење?

Следниве чекори опишуваат генерички процес на евалуација за севкупен преглед на програма, проект или активност. Ќе треба да ги прилагодите на специфичните потреби на вашиот проект.

- **ДИЗАЈНИРАЈТЕ ГО ПЛАНОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА.**

-Подгответе јасен опис на целта и посакуваните резултати од евалуацијата.
-Определете кои информации се потребни и што ќе се направи со информациите откако ќе се соберат. Ова вклучува и дефинирање како засегнатите страни ќе ги користат резултатите.
-Определете точно кои елементи од процесот ќе бидат евалуирани.
-Определете кои методи или алатки ќе се користат за евалуација (на пр. прашалник, интервју, фокус-група, комбинација од овие методи).
-Определете кој ќе ја спроведе евалуацијата и кој ќе го напише извештајот за евалуација.
-Идентификувајте ги луѓето од кои ќе биде побарано да учествуваат во евалуацијата.
-Наведете кои прашања треба да се постават за да се добијат саканите информации.
-Определете како ќе бидат соопштени резултатите од евалуацијата.

- **СПРОВЕДЕТЕ ЈА ЕВАЛУАЦИЈАТА**

-Доставете ги алатките за евалуација на избраните учесници.
-Соберете ги собраните информации.

- **АНАЛИЗИРАЈТЕ ГИ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА**

-Спроведете анализа на резултатите од евалуацијата.
-Формирајте заклучоци од анализата.
-Развијте препораки.
-Потврдете ги препораките со оние кои учествуваа во евалуацијата.
-Подгответе целосен извештај за резултатите од евалуацијата и препораките за организацијата.

## V – СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТ

Вашата организација треба да биде подготвена да се справи со конфликт доколку се појави. Партнерите во твининг проект или програма носат со себе различни преференци, истории, комуникација и искуства со донесување одлуки, особено ако програмата вклучува организации од различни култури. Конфликт може да се случи, но тој не е нужно лоша работа; често, недостатокот на конфликт значи дека прашањата се закопуваат наместо отворено да се решаваат. Со тоа што не дозволуваме конфликт, ја ограничуваме нашата способност да се промениме. Следниот текст може да и помогне на вашата организација да се справи со конфликтот доколку се појави во текот на вашата програма за збратимување.

1. **ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИЗВОРИ НА КОНФЛИКТ**

***претпоставки и перцепции** - Различни луѓе гледаат на истата ситуација и ја гледаат поинаку, бидејќи нивните минати искуства, лични верувања и вредности се разликуваат.

***вредности, потреби и цели** - Вредностите, потребите и целите на поединецот (или организацијата) може да бидат во конфликт со вредностите, потребите и целите на другите поединци (или партнерската организација).

***емоции** - Моќните емоции како страв, лутина, вознемиреност и фрустрација, често ја блокираат комуникацијата или ги искривуваат перцепциите до точка на конфликт со другите.

***недостаток на информации или јасност** - Учесниците ги немаат сите информации или можеби ги поседуваат информациите, но не успеваат да ги разберат. Луѓето различно разбираат и тоа може да резултира со конфликт.

***индивидуални стилови на комуникација и однесување** - Нечувствителна или несоодветна интеракција со другите може да создаде отпор. Агресивниот пристап кој ги омаловажува другите обично предизвикува конфликт. Претерано приспособлива пасивна природа, исто така, може да предизвика фрустрации што доведуваат до конфликт.

2. **РЕШАВАЊЕ НА КОНФЛИКТ**

За да се реши конфликтот, организациите вклучени во твининг програма треба:

***да очекуваат конфликт** - ќе бидете подобро подготвени да препознаете конфликт и ефикасно да се справите со него доколку очекувате да дојде до конфликт.

***појаснете ги прашањата и недоразбирањата** - пред да се обидете да го решите конфликтот, треба да ги идентификувате прашањата вклучени во какво било несогласување. Едноставно прашање (како „Што се случува овде? “) често е доволно за луѓето да почнат да зборуваат и да се справуваат со конфликтот.

***спроведете процес на решавање на конфликтот -** еве неколку едноставни чекори:

-Испитајте го конфликтот во светло на целите на проектот. Запрашајте се: „Ако сакаме да ги постигнеме овие резултати, што мора да направиме во врска со овој конфликт?

-Одделете го конфликтот од концептите на правилно и погрешно. Конфликтите не се за тоа кој е во право и кој не е; тие се поради различни начини на гледање на работите или правење нешто.

-Одлучете кој ќе го олесни процесот на решавање на конфликтот.

-Погрижете се сите да бидат слушнати. Побарајте од страните вклучени во конфликтот да ги објаснат своите ставови и да ги дефинираат нивните потреби.

-Барајте можни решенија и испитајте ги нивните импликации.

-Одлучете за решението и кои чекори се потребни за негово спроведување.

-Обидете се да не отуѓите никого. Луѓето вклучени во проектот мора да продолжат да работат заедно, затоа создадете можности за заздравување и простување.

Добар процес за разрешување на конфликти е оној кој вклучува преговарање наместо конфронтација. Ефективните преговори се засноваат на грижа за другите, меѓусебно почитување и фокусирање на целите и задачите на твининг програмата. Ова е пристап „win-win“ и обично резултира со побрзи и поквалитетни одлуки.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕПОРАКИ

Совети за ефективна комуникација и ефективна соработка:

- Имајте отворен ум и бидете флексибилни,
- Размислете за разликите во стиловите на комуникација,
- Разберете го сопствениот културен идентитет,
- Запознајте ја вашата партнер-организација,
- Поставувајте прашања,
- Одржувајте честа комуникација,
- Бидете спремни да помогнете,
- Не плашете се да правите грешки,
- Изградете доверба преку отворена и искрена комуникација,
- Внимателно слушајте ги другите,
- Прашајте дали сте јасни и дали може да ве разберат,
- Почитувајте ги разликите,
- Сочувствувајте со партнерот,
- Бидете иницијативни,
- Договарањата нека бидат проследени со писмена преписка,
- Правете редовни промоција по завршувањето на секоја активност,
- Дефинирајте систем на наградување на волонтерите кои ќе се вклучат во програмата,
- Одржувајте редовна и хронолошки подредена архива на сите документи од процесот
- И по завршувањето на договорот, поставете си цел да соработката (можеби во друга форма или со поинаква динамика) да прерасне во долгорочна.

## ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ - БИЛАТЕРАЛНИ СОРАБОТКИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Црвениот крст на Република Северна Македонија остварува меѓународна соработка со повеќе меѓународни организации и национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина по пат на заеднички проекти, хуманитарни акции и размена на позитивни искуства. Примарна цел на меѓународната соработка е размена на искуства и имплементација на заеднички активности како и обезбедување на проектна и програмска поддршка за обезбедување услуги и опслужување на различни категории на корисници.

Меѓународната соработка на Црвениот крст на Република Северна Македонија е насочена кон подобрување на капацитетите на националното друштво за поефикасно извршување на својата хуманитарна мисија во Република Македонија и светот во своите напори за обезбедување и укажување на помош за најранливите категории на население.

Во почетоците соработките се однесуваа најмногу на регионот, со земји во кои се зборува сличен јазик и каде културата е слична а и програмите на организациите на Црвен крст се на слично ниво. Низ годините ваквите соработки се проширија и низ светот со водечката филозофија која се залага за тоа дека секогаш треба да се споделуваат добрите практики, искуства и имплементирани проекти иницијативи со другите.

Националното друштво на ЦКРСМ има потпишани договори за соработка со Бугарски Црвен крст, Турска полумесечина, Романски Црвен крст, Германски Црвен крст, Шпански Црвен крст, Шведски Црвен крст, Албански Црвен крст, Црвен крст на БиХ, Црвен крст на Србија, Црвен крст на Црна Гора, Црвен крст на Литванија, Словенечки Црвен крст.
Развиена е и одлична соработка со Германски Црвен крст, Норвешки Црвен крст, Австриски Црвен крст и Американски Црвен крст.
Црвениот крст на град Скопје и некои други ООЦК кои функционираат под капата на Црвен крст на РСМ, оствариле билатерална соработка со други градски/општински организации на Црвен крст /Црвена полумесечина.
Општинските организации на национално ниво во најголем дел имаат некаква неформална меѓусебна соработка која најчесто вклучува меѓусебно учество на обуки и едукации или заеднички обуки со цел јакнење на капацитетите на организациите, заеднички настани или поддршка со обезбедување на превоз, како и редовна комуникација и поддршка помеѓу Општинските организации кои реализираат слични проекти.
Кога станува збор за меѓународни соработки (или збратимувања), имаме примери од Општински организации кои имаат отварено соработка со Општинска организација од друга држава без конкретен потпишан договор туку соработката ја оствариле во реализација на конкретни заеднички активности согласно потребите, како на пр.: обуки за спасување на вода и планина, едукативни работни кампови, обуки за прва помош, тренинг за парамедици, театарски фестивали или други неофицијални посети и размени на искуства. Од оние кои имаат подолготрајна и формална соработка можеме да ги истакнеме соработките на:
**-ООЦК КУМАНОВО СО ЦРВЕН КРСТ ТРНОВО-БУГАРИЈА** која започнала пред 26 години со потпишан меморандум во 2011г. каде се дефинирани целите за воспоставување на соработка. Соработката е дефинирана според изготвена програма преку организирање на посети, работилници и размена на искуства помеѓу младинските клубови на организациите со посебен акцент на соработката на полето на првата помош, крводарителството како и подготвеност и дејствување при катастрофи.
**-ООЦК КАВАДАРЦИ СО ЦРВЕН КРСТ КОВИН-РЕПУБЛИКА СРБИЈА** која започнала во 2004г. На средба нараководните структури на двете организации биле презентирани активностите на двете организации и биле предложени областите во кои можеат да соработуваат. Следувало потпишување на документи за меѓусебна соработка на Црвен крст Кавадарци со Црвен крст на Ковин, во присуство на двајцата градоначалници на двата града, што набрзо довело и до збратимување на град Кавадарци и град Ковин. Областите на соработка биле крводарителство и млади, односно зајакнување на клубовите на млади со организирање и присуство на обуки и младински кампови како во Србија, така и во Република Северна Македонија. Покрај ова разменувале позитивни искуства во работењето на двете организации, одржувале средби на раководните одбори, ги презентирале годишните програми и извештаи за работа, организирале дружење на крводатрителите, младите, членовите, волонтерите и слично. По прекинот поради ковид пандемијата соработката ќе продолжи со нови активности.
-**ООЦК БИТОЛА И ООЦК ШУМЕН, Р.БУГАРИЈА** – ООЦК Битола била иницијатор на збратимувањето со ООЦК Шумен, Р.Бугарија, една од подобро развиените општински организации на Црвен Крст во Бугарија, активна во полето на првата помош, млади, катастрофи, но најмногу дава придонес во однос на спасителите на вода која е лидер во регионот за организирање на обуки за спасители на вода. Соработката започнала од 2019 година и во рамките на која се реализирале бројни активности како работни средби, меѓусебни посети на раководен одбор, посети на државен натпревар по прва

помош, заеднички обуки и вежби за спасување на брзи води, понатаму заеднички работни средби на темата млади и прва помош, по кои Битола ги имплементира сите позитивни искуства од регрутирање на нови млади волонтери, зајакнување на капцитетите, тим билдинг, обуки за развој на клубот на млади а се планира и изработка на апликација за млади со цел зајакнување на знаењето за првата помош.

-Друга интересна соработка е онаа помеѓу **ООЦК БИТОЛА И ЦРВЕН КРСТ ОД БАДЕН БАДЕН И ИЗРАЕЛ** – ООЦК Битола заедно со католичката црква од Баден Баден, Германија заеднички учествувале во проектот „Патот на помирувањето" имплементиран од страна на Израел. Проектот започнал во 2015 година кога израелскиот амбасадор во Македонија, Дан Оријан за прв пат ја поканил ООЦК Битола да присуствува на „Маршот на животот" кој се организирал во чест на жртвите од холокаустот. Соработката продолжила со присуство на два делегати од ООЦК Битола во Баден Баден Германија, каде што се проширувала соработката помеѓу трите држави. Делегацијата од посетата на Баден Баден се врати со донација од нивната ООЦК-надворешен автоматски дефибрилатор. Во повторна посета од волонтерите од Германија и Израел, ООЦК Битола им одржала обука по прва помош. По завршувањето на обуката волонтерите од ООЦК Битола се приклучиле на волонтерите од Израел со кои заедно го средуваа дворот на вечното почивалиште на евреите во Битола. Сите посети биле заеднички организирани во форма на тим билдинг и кампови и посета на музејот на холокаустот. Во Јули 2019 година делегација од 4 претставници од ООЦК Битола и претставници од Германија биле во главниот град на Израел-Тел авив и Ерусалим за проширување на соработката и имплементација на проектот.

## ТВИНИНГ ПРОГРАМАТА МЕЃУ ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ЦРВЕН КРСТ НА ТЕЛЕМАРК

Одличен пример на водење успешна твининг програма која може да се истакне е онаа на Црвен крст на Град Скопје со Црвен крст Телемарк-Норвешки Црвен крст - збратимување кое е иницирано од страна на Норвешкиот Црвен крст како продлабочување на веќе успешната соработка на Националното друштво на ЦКРСМ со Црвениот крст на Норвешка. Ова партнерство е и едно од ретките во Националното друштво кое има структуиран пристап и дефинирани полиња на соработка (млади, стари, социјално-хуманитарна дејност, катастрофи) и од кое произлезе и документ-case study кој може да послужи како насока и инспирација за останатите општински организации.

По повеќемесечен процес кој вклучуваше неколку меѓусебни посети на делегации од двете организации и направени проценки на капацитетите, центрите и сервисите како и поради сличната структурална поставеност во земјата и во НД, донесена е заедничка одлука да се збратимат двете страни. Со потпишување на меморандум во 2017 година, се регулираа правата и обврските на двете страни, се дефинираа приоритетите на дејствување и заедничкиот фокус како и временската рамка на реализација на активностите. Договорот првично беше потпишан на 4 години но заради добрата соработка истиот е продолжен за уште една. Заради пандемијата, активностите за последните две години се пролонгираа па така истите ќе продолжат до 2023та година.

Двете страни имаа избрано по едно одговорно лице или координатор на целиот процес но и координативно тело за поширока поддршка и имплементација на договорените активности а тие вклучуваа:

- Работни посети на делегации во двете земји за :
- Конференции,
- Работилници : ПХВ, менаџмент со волонтери, вежби за спасување на планина, и др.,
- Посета на делагации на Летен камп за деца со посебни потреби,
- средби за договарање на активностите, изработка на акциски план,
- Меѓусебно учество на годишните собранија,
- Посети за презентација на програми, центри,
- Онлајн средби и работилници во време на Ковид-19 пандемија.










Резултатите од оваа соработка или твининг програма се одлични а меѓу нив може да се издвојат:
- **„Копче“-** социјално претпријатие, место каде секој може да донира, да купи облека од втора рака или пак истата да ја добие бесплатно,
- проектот **„Водич во болница“-**млади волонтери ги ориентираат граѓаните каде да се упатат во болниците,
-програмата **„Ориентер“** – за лицата кои ги ориентираат другите заинтересирани и потенцијални волонтери и членови за активностите на Црвен крст, можностите и начините на волонтирање
- „**Водичот за бегалци“** - менторска програма за локална интеграција на мигрантите.

Преку програмата за збратимување на Црвен крст на град Скопје и Телемарк Црвен крст повеќе од 400 лица биле инволвирани во изминатите неколку години. Се разбира голем дел од нив се млади за кои ова претставува одлична можност за надградба на лични и професионални капацитети-учење и размена на искуства, идеи и добри практики но и можност да патуваат, откриваат нови култури и социјализација со други волонтери.
Колегите (вработени и волонтери) инволвирани во твининг програмата со Црвен крст Телемарк-Норвешка го оценуваат ова искуство како исклучително мотивирачко и инспиративно за надоградба и развој на личните и професионалните вештини и капацитети, но и за унапредување на самата

организација. Покрај конкретните резултати кои дојдоа од оваа соработка, сите инволвирани се стекнаа со трајни вредности – искуствата, контактите, дружењето, стекната самодоверба и воопшто сето видено и доживеано искуство во рамки на програмата. Оваа програма е уникатен модел за соработка и непосреден модел за взаемен развој на две НД.

## ТВИНИНГ ПРОГРАМИ ЗА МЛАДИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ

Една од примарните задачи на Црвениот крст на Република Северна Македонија претставува ефективно и континуирано градење на партнерски односи и соработка преку имплементација на програмски и проектни активности со партнерски организации насочени за помош и поддршка на различни целни групи.

Токму ваквите партнерства и размени претставуваат особена мотивација за младите волонтери. Освен на мотивациски план, twinning програмите влијаат на повеќе сегменти од младинското работење, а особено придонесуваат кон:

- збогатување на вештини
- запознавање други култури
- поттикнување проекти насочени кон решавање на социјални прашања
- размена на искуства и имплементација на заеднички активности
- обезбедување на проектна и програмска поддршка за обезбедување услуги
- опслужување на различни категории на корисници.

Како пример, младите, дел од твининг програмата на Црвен крст на Град Скопје и Црвен крст Телемарк, своето искуство го опишуваат како одлична можност за запознавање со работата на Црвениот крст на меѓународно ниво, можност за запознавање на различни програми за млади кои ги нуди Националното друштво, а е поинаква од нивната, како и можност за размена на искуства, која што влијае мотивационо врз младите и истата претставува поттик за креирање на нови модели на младинско волонтирање.

Преку оваа твининг програма, по примерот на Клубот на млади на Црвен крст на град Скопје, начинот на органиирање и активностите кои ги спроведуваат на терен, младите на Црвен крст Телемарк беа поттикнати да го променат сопствениот начин на организација на младите и внатрешната структура, односно да воведат активности насочени кон пружање помош и поддршка на социјално загрозени категории, како и поширок спектар на актинвости кој ќе придонесе за регрутирање на младинци во редовите на организацијата што претставува показател за значењето и влијанието кое ваквиот вид на размени го имаат врз младите волонтери.

Овие програми отвораат многу прозорци за младите и бенефитите за нив се навистина многубројни. Преку размените добиваат можност да патуваат и откриваат нови земји што е голема мотивација. Понатаму преку останатите активности имаат можност да запознаваат други млади луѓе и разменуваат знаења и искуства, промовирајќи ја културата на својата земја и народи на тој начин намалувајќи ги бариерите меѓу државите. Ќе научат како живеат нивните врсници во други земји и какви се културните, социјалните и политичките услови во земјата или областа на твининг-партнер организацијата.  Ќе имаат поголемо разбирање и отвореност кон светот, прифаќање на различностите и еднаквоста на сите луѓе. Ќе ги зајакнат вештините за комуникација, подобрат своите знаења за меѓународното хуманитарно право и човеково право, принципите и вредностите на Црвениот крст. Ќе научат како Црвениот крст функционира во друга земја и ќе ги применат добрите пракси и научените лекции кога ќе се вратат назад во својата организација. Дел од нив

можеби ќе одлучат да студираат во збратимените земји, ќе одржуваат долгорочни релации и пријателства со нивните врсници од таму, и слично.

Збратимувањето може да биде совршено средство за промовирање на културната разновидност и непроценлив потенцијал за културно збогатување. Културната размена меѓу организациите може да помогне да се комбинираат напорите и иновациите за правење добро во заедниците но и за подигање на свеста за тоа колку сите народи можат да бидат блиски дури и во нивната културна различност.

Понатаму, збратимувањето е корисен начин за подигање на свеста на младите за јавниот живот. Бидејќи младите се активни во многу области, како што се културата, образованието и спортот, нивното учество како активни граѓани може да се поттикне на различни начини. Многу е важно младите во еден град, општина или регион да добијат одговорност во рамките на збратимената врска, за да им се овозможи да се чувствуваат повеќе вклучени во проектите и иницијативите и на тој начин да станат дел од политичкиот живот на нивниот град.

## ЗАКЛУЧОК

Едно Национално друштво нема да биде силно доколку не ги прошири своите видици преку размена со други организации на Црвен крст и токму затоа една од основните заложби на Црвениот крст на РСМ претставува ефективното и континуирано градење на партнерски односи и соработка со партнерски организации преку имплеметација на програмски и проектни активности.

Збратимувањата или твининг програмите се една одлична алатка за отворање нови можности за организацијата а особено за младите во неа. Ваков структуиран пристап на соработка со друга организација или организација од друга земја може да биде непроценливо искуство преку кое ќе се поттикне учење и споделување на позитивни искуства и добри практики истовремено постигнувајќи заемно корисна цел. Размената на позитивните искуства ќе донесе и нови можности за зголемивање на бројот и квалитетот на активностите, што пак ќе влијае на покачување на бројот на волонтери, подобрување на имиџот на организацијата како и нови можности за мобилизирање на фондови на локално и меѓународно ниво. Накратко кажано, збратимувањето гради човечки и организациски капацитети преку процес на заедничко дејствување наместо еднонасочен трансфер на информации и ресурси.

Се надеваме дека овој Водич ќе ја најде својата примена и дека ќе им помогне на барем дел од Општинските организации да се впуштат во ваков тип на соработка и ќе ги искористат можностите и придобивките од истата.

Подготвила:
Билјана Минчева